ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 3

АПРИЛ 2020

ТОП ВЕСТИ:

- **Седумдесет години со гордост Делчево**
- **Општина Делчево најтранспарентна општина во ИПР**
- **Редовна дезинфекција на улици и јавни површини**
- **Започнува реализацијата на проектот МСИП за подобрување на општинските услуги**

## Седумдесет години со гордост Делчево



Пред 70 години на 23 април, тогашното Царево Село го добива името по великанот на македонската револуционерна борба Гоце Делчев. Со Одлука на Президимоут на Народното собрание на НР Македонија на 23 април 1950 година Царево Село се преименува во Делчево и оттогаш овој град од крајниот исток на државава со гордост го носи името на великанот Делчев.




**Општина Делчево најтранспарентна општина во ИПР**



**Редовна дезинфекција на улици и јавнаи површини**



**Започнува реализацијата на проектот МСИП за подобрување на општинските услуги**

Совет на Општина Делчево

# Донесена Одлуката за ослободување од плаќање комунална такса за користење јавна површина пред угостителските објекти

На 39 Седница на Советот на Општина Делчево, советниците едногласно ја донесоа Одлуката со која се ослободуваат од плаќање комунална такса за користење простор пред деловен простор, угостителските објекти (кафеани, кафулиња, гостилници и слично) и нивните истурени деловни места (бавчи и тераси). Ослободувањето од плаќање на оваа такса е на предлог на градоначалникот Трајковски, а се однесува за месеците април и мај 2020 година. Согласно со евиденцијата на Општина Делчево, Одлуката се однесува на 25 угостителски објекти.

На Седницата се донесе и Одлуката за ревидирање и проширување на членовите на Штабот за заштита и спасување на Општина Делчево. Согласно со донесената Одлука, покрај постојаните членови, Штабот за заштита и спасување на Општина Делчево може да ангажира и други лица како привремени членови во зависност од елементарната непогода. Задача на Штабот за заштита и спасување на Општина Делчево е да раководи со Просторните сили и другите субјекти ангажирани за заштита и спасување, како и да носи конкретни мерки и активности за време на кризна или вонредна состојба. Материјалното обезбедување на Штабот за заштита и спасување на Општина Делчево ќе се врши преку Буџетот на Општина Делчево.

На Седница се донесе и Одлука за општо ослободување од плаќање комунална такса за јавно ослободување на иматели на електрични броила за мерење електрична енергија согласно со која Општина Делчево ги ослободува од плаќање комунална такса за користење и одржување на јавното осветлување имателите на електрични броила за мерење електрична енергија без јавно осветлување лоцирани и поставени на придружни објекти во земјоделски површини вон мрежата за јавно улично осветлување. Доколку во наредниот период се постави систем за јавно осветлување имателите на објекти на споменатите населени места ќе бидат дополнително задолжени со наведената такса.

Инаку, покрај другите одлуки, на Седницата се донесе и Одлука за усвојување на ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Делчево од сите ризици и опасности, а беше усвоен Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2019 година, како и Годишната сметка на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2019 година.



# Започнува реализацијата на проектот МСИП за подобрување на општинските услуги



На почетокот на месец мај ќе започнат градежните работи за реконструкција на улицата „Маршал Тито“ во Делчево. Ќе се реконструираат 743 метри од улицата кој е главен сообраќаен крвоток во градот и тоа од потегот од касарната до Таушанското маало. Во рамките на проектот е предвидена изградба на објекти по должината на улицата, како изградба на потпорни ѕидови, цевкаст пропуст и реконструкција и проширување на плочест пропуст.

Реконструкцијата на оваа улица е во рамките на проектната единица во Министерство за финансии и проектот МСИП за подобрување на општинските услуги финансиран преку Светска Банка, од каде Општина Делчево доби средства за подзаем од 32.252.287 ден. за реализација на проектот „Подобрување на јавните општински услуги во Општина Делчево” што подразбира, освен реконструкцијата на улица „Маршал Тито“, ќе се реконструира и улицата „Вера Јоциќ“ во должина од 599 м. А ќе се изгради комплетно нова улица во населбата СРЦ, односно улицата број 7. Целта на овој проект е подобрување на квалитетот на животот на месното население.

Градежните работи за изградба на овие три улици ќе завршат до март 2021 г., а изведувач на работите е фирмата АД „Илинден“ од Струга.

## Се пробиваат улиците во населба Басарица

Интензивно се работи на пробивање и тампонирање на улиците во населбата Басарица предвидени за изградба. Со што започна решавањето на круцијалниот проблем во населбата, каде до сега нема изградена ниту една улица.



Согласно со проектот во населбата Басарица се градат улици во должина од 1 км. Претходно беше поставена атмосферска канализација, а на потегот од населбата Басарица кон с. Полето се изгради и канализација во должина од 2 км. Вредноста на проектот е 25 милиони денари. Средствата се обезбедени од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој, а ДДВ во висина од 18% е од општинскиот буџет.

Актуелности

# Пристапни улици во три населби во Делчево





Се изградија пристапни улици во три населби во Делчево со што се реши стар проблем на жителите кои со децении газеа кал и се дишеа прашина. Поради конфигурацијата на теренот и ширината на улиците, улиците се поплочени со бехатон плочки со вкупна површина од 300 м 2, а екипи на ЈКП „Брегалница" деновиве ги завршија градежните работи за изградба на пристапни улици во населбата Расадник, Трети реон и пристапна улица во Први реон во Делчево.

Станува збор за пристапна улица на ул „Видео Смилевски-Бато", пристапна улица кон ул. „Плачковица" со потпорен ѕид и пристапна улица во Први реон. Пристапната улица во населбата Први реон ќе продолжи со поставување пропуст на ендекот и изградба на скали со што ќе се поврзат Први и Втори реон и ќе се олесни движењето на луѓето кои гравитираат на овој терен.

Инвестицијата е на Општина Делчево, а работите ги изведуваа екипи на ЈКП „Брегалница".

## Општина Делчево најтранспарентна општина во ИПР

Општина Делчево со веб-транспарентност од 41,67% е прва општина по веб-транспарентност во Источниот плански регион, а деветта на ниво на државата. Ова го покажуваат резултатите од истражувањето на Центарот за управување со промени спроведено во периодот февруари-март 2020, кое се однесува на веб-транспарентноста на општините во РСМ.

Барометарот за веб-транспарентност ги рангира ЕЛС според нивото на проактивна транспарентност во рамки на дефинирана рамка на индикатори. Индикаторите се составен дел на Стандрадите за е-транспарентност на единиците на локалната самоуправа, како дел од проектот „Граѓанинот на прво место" финансиран од ЕУ.

За добивање на резултатите се користени веб-страниците на сите ЕЛС од аспект дали одредени информации се објавени на веб-страницата и во која мерка, а согласно со 78 индикатори.

# Седумдесет години со гордост Делчево

Актуелности



Пред 70 години на 23 април, тогашното Царево Село го добива името по великанот на македонската револуционерна борба Гоце Делчев. Со Одлука на Президимоут на Народното собрание на НР Македонија на 23 април 1950 година Царево Село се преименува во Делчево и оттогаш овој град од крајниот исток на државава со гордост го носи името на великанот Делчев.

По тој повод, градоначалникот Горан Трајковски упати честитка до делчевци со порака и понатаму да создаваат и творат и со свој пример да придонесат во развојот на градот кој 70 години со гордост го носат името на великанот Делчев.

-Делчев е поттик за секој еден од нас, да создава, да твори и да придонесува за развој на градот. Овој ден во 1950 година се запишува со големи букви во историјата на нашиот град и претставува почеток на еден современ и урбан развој на градот, каде живееле и твореле генерации и генерации делчевци. Како генерација сме соочени денес со многу предизвици, но учејќи од историјата и почитувајќи ја традицијата, нашата борба за нашиот град и за секој еден човек во него, значи отворање нови перспективи и подобрување на квалитетот на животот на нашите сограѓани. Во овие вонредни околности, како градоначалник испраќам порака дека Делчево, а претходно Царево Село, Василево, Султанија, поминале многу премрежја, народот претрпел големи страдања, но заедно и обединет, од секоја битка излегувал посилен и бил победник. Верувам дека и денес во борбата со невидливиот непријател, со истрајност и одговорност кон личното здравје, кон здравјето на своето семејство и на секој сограѓанин, повторно заедно ќе  прославуваме победа и ќе го продолжиме развојот на нашиот убав град покрај Брегалница, рече Трајковски.

По повод овој јубилеј, Општина Делчево во Програмата за култура за 2020 година имаше предвидено низа културни настани под мотото „Делчево во чест на Делчев“, кои требаше да завршат на 4 мај со одбележување на годишнината од убиството на Делчев, но поради вонредните услови и актуелната забрана за организирање настани, културни манифестации и јавни собири, сите активности се одложени.

Актуелности

# По повод Меѓународниот ден на Ромите доделени награди за најдобрите ученици Роми

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски упати честитки до ромската заедница по повод Меѓународниот ден на Ромите, 8 Април. Воедно, тој ги соопшти и учениците Роми кои во учебната 2019/20 година постигнале најдобри резултати во образованиот процес во трите општински образовани институции, а кои од Општина Делчево традиционално добиваат парични награди како мотивација за постигнување на уште поголеми резултатти.

Трајковски потенцираше дека Денот на Ромите, 8 Април, го одбележуваме во исклучително тешки услови и целосно посветени на борбата за зачувување на јавното здравје потенцирајќи дека треба да се биде одговорен и да се почитуваат препораките за социјална дистанца.

-Со задоволство сакам да истакнам дека ромската заедница во Делчево е со висок степен интегрирана и не живее во гето, кај нас нема деца на улица. Главно, се решени поголемите инфраструктурни проблеми, но свесни сме дека има уште за решавање. Исто така, Општина Делчево има изработено низа стратешки документи и акциски планови кои ја дефинираат рамката за делување на Општината и решавањето на актуелните проблеми на Ромите. Останувааат и понатаму нашите заложби за реализација на сите отворени прашања поврзани со Ромите, рече Трајковски.

Ценејќи дека соодветното образование е една од алките кои дава можност за конкурентност на пазарот на трудот и со цел мотивација за постигнување подобри резултати во образованието кај ромската заедница, традиционално по повод Меѓународниот ден на Ромите, Општина Делчево ги наградува одличните ученици

# По повод Рамазан-пакети за верниците

Поради актуелната состојба со пандемијата од ковид-19, градоначалникот на Општина Делчево наместо традиционалната организација на ифтарска вечера, до џамискиот одбор во Делчево дистрибуираше 20 пакети со храна наменети за верници од муслиманска вероисповед кои ги постат Рамазанските пости.

Почитувајќи ја традицијата по повод месецот Рамазан, градоначалникот Трајковски упати честитки до верниците и порача дека со молитва од дома, а не во џамија, верниците да ги практикуваат верските обреди, а со постот и верските обреди во домашна атмосфера полесно ќе се излезе од оваа ситуација.





# Трајковски: Велигден е симболот на нашето опстојување

Актуелности



По повод Велигден, градоначалникот Горан Трајковски испрати велигденска честитка до верниците истакнувајќи дека Велигден е симболот на нашето опстојување.

-Во пресрет на големиот христијански празник, Велигден, кога ја славиме победата на животот над смртта, на доброто над лошто, на светлината над темнината, Ви испраќам порака да ја дочекаме веста за Христовото воскресение со запалени свеќи, молитви за здравје, мир и благосостојба, но во домашни услови со нашите најблиски.

Во ова време, кога целиот свет живее во ново искушение и се бори со невидлив непријател, да ги прегрнеме со нашите мисли сите наши роднини, пријатели, соседи, познати и непознати, да посакаме истрајност, а симболиката на овој празник да ја даде силата на секој поединец и, како и многу пати досега во тешките времиња за човештвото, да излеземе победници и од оваа здравствена криза.

Ве замолувам, останете дома за овој Велигден и почитувајте ги мерките, превенирајте ја заразата и не заборавајте дека Велигден е симболот на нашето опстојување. Оваа традиција нè поттикнува, нè препознава, ни дава смисла и ни ја гради иднината. Велигден носи радост, спокој, убавина. Нека е за многу години!!!

## Здравствените работници се нашите хери

По повод 7 Април, Светскиот ден на здравјето и здравствените работници, градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, испрати честитка и порача дека здравствените работници се нашите хери.

-Денешниов ден 7 Април е ден кога во светот и кај нас се одбележува денот кога е основана Светската здравствена организација (СЗО). Традиционално овој ден е посветен на здравствените работници нивната улога и значење во грижата за нашето здравје, а овој 7 Април го одбележуваат во посебни услови, во услови на пандемија во борба со коронавирусот во услови кога се тестира функционалноста на целиот здравствен систем и улогата на секој еден здравствен работник. Тие се во првите борбени редови во борбата со невидливиот непријател и со надчовечки напори обезбедуваат третман и грижа за пациентите при што го изложуваат своето здравје, здравјето на своите блиски, на нивниот живот, рече Трајковски.

# Мерки за заштита од Ковид-19

## Прв случај на коронавирус кај жител во Делчево

По повод информацијата за првиот случај на заразен со коронавирусот во Делчево, градоначалникот Трајковски на прес-конференција истакна дека нема потреба од паника и ширење дезинформации, надлежните ги преземаат сите мерки за заштита на јавното здравје.

-Согласно информациите од надлежните служби, присуството на коронавирусот е регистрирано кај еден жител на Делчево кој поради хронична болест подолг период е на болничко лекување на скопските клиники и сè уште е во болница, а според нашите сознанија, таму се заразил со коронавирусот. Сакам да ве информирам дека надлежните служби ги преземаат сите мерки, односно ги прават соодветните епидемиолошки анкети, за да се детектираат контактите, по што ќе се постапи соодветно со цел да не се дозволи ширење на вирусот и низ населението на Делчево. Му посакувам брзо оздравување на нашиот сограѓанин, а воедно, изразувам благодарност до семејството на пациентот за самосвеста и одговорноста, бидејќи семејството, веднаш се самоизолирало, рече Трајковски.

Тој додаде дека во Делчево во моментов има 9 лица во самоизолација кои ги почитуваат мерките од надлежните.

-Овие информации ги споделувам со вас со цел да се спречат дезинформациите и паниката и ве повикувам на смирено и разумно однесување, а пред сè, на почитување на препораките од Владата на РСМ и ресорното Министерство. Општина Делчево заедно со Општинскиот кризен штаб ги презема сите превентивни мерки за заштита од појавата и ширењето на болеста ковид-19, а ваше е само да останете дома, не излегувајте без потреба, не се групирајте и задолжително носете заштитна маска на лицето, потенцираше Трајковски.

## Заштитни маски за месните и урбаните заедници

Следејќи ја препораката од Владата на РСМ за задолжително носење заштитни маски за лице со цел заштита од заразата со ковид-19, Општина Делчево излезе во пресрет на граѓаните и до месните и урбаните заедници достави над 1000 заштитни маски за лице за повеќекратна употреба. Маските се обезбедени по пат на донација од хумани фирми и поединци во Општина Делчево. Дистрибуцијата на заштитни маски ќе продолжи и наредните денови.

Инаку, досега Општина Делчево има распределени околу 5000 заштитни маски, а мобилни екипи во неколку наврати дистрибуираа средства за заштита (маски и дезинфициенси) собрани од донација од Општина Делчево и делчевски фирми. Донацијата беше распределена до сите институции кои во



# Донација за Делчево од д-р Врабевски и Фондацијата „Бугарско сеќавање“





Во Општина Делчево пристигна донација во заштитна опрема од епидемија од пријателот на Делчево, д-р Милен Врабевски и Фондацијата „Бугарско сеќавање“ од Софија. Донацијата се состои од 2500 заштитни маски, 100 парчиња скафандери и 100 пара заштитни наочари, а таа е дистрибуирана до Општина Делчево во соработка со Амбасадата на РСМ во Софија, Дирекцијата за заштита и спасување и Црвениот крст.
Во услови на пандемија и најавата за серизоната криза во економијата во регионот, д-р Милен Врабевски и Фондацијата со овој чин даваат поддршка на РСМ, посебно на општините од граничниот појас во борбата со пандемијата од ковид-19, а овој чин на Фондацијата претставува продолжување на децениската поддршка на регионот во делот на академскиот развој, но и грижата за здравјето на граѓаните.

Градоначалникот Трајковски изрази голема благодарност до д-р Врабевски и Фондацијата за несебичната поддршка и соработката на повеќе полиња.
Во услови на пандемија и на криза се познава пријателот. За нас оваа донација е добредојдена и е чин на пријател кој се грижи и дава поддршка во најтешките денови кои ги живееме. Изразувам голема благодарност до д-р Врабевски и Фонадацијата за несебичната поддршка на регионот и на Делчево и верувам дека со вистински пријатели и добра мисла можеме да излеземе победници во борбата со невидливиот непријател, истакна Трајковски.

Донацијата ќе биде поделена на Здравствениот дом, полицијата, ТППЕ Делчево, а маски ќе се поделат по урбаните и емсните заедници.
Донација од д-р Милен Врабевски доби и Општина Струмица.

# Донација од „Зегин“ за семејства во социјален ризик во Делчево





Компанијата „Зегин“ донираше хуманитарни пакети за семејства кои живеат во социјален ризик во Делчево со што и оваа компанија се вклучува во хуманата акција за поддршка на социјално загрозени семејства во услови на пандемија со коронавирусот. Донацијата се состои од 30 пакети со прехранбени производи и средства за хигиена, а мобилни екипи на Општина Делчево ја дистрибуираа до семејства во Делчево согласно со евиденцијата на Центарот за социјални работи во Делчево. Целта на оваа хумана мисија е да се помогне на секој поединец во оваа здравствена криза, посебно на лицата кои имаат голема потреба од помош во овој период.

Инаку, како општествено одговорна компанија, компанијата „Зегин“ досега во повеќе наврати донира за семејства во Делчево.

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, по повод оваа донација изрази благодарност до компанијата и нејзината хумана мисија во Делчево и истакна дека овие пакети се добредојдени во овој период и испраќаат порака дека и општетсвено одговорните фирми и општината се грижат за сите граѓани во Делчево.

## Продолжува дезонфекцијата на улиците, јавните површини и колективните станбени згради




Екипи на ТППЕ Делчево вршат редовна дезинфекција на фреквентните улици во градот, како и на јавните површини, паркови, јавните објекти и влезовите, скалите на колективните објекти за домување. Дезинфекцијата се врши со раствор од хлор и е дел од мерките кои ги презема Општина Делчево за спречување на појавата на зараза од Ковид-19 на територијата на Делчево.

Инаку, Општина Делчево ги известува претседателите на куќните совети од колективните станбени објекти, согласно со мерките и активностите за превенција од појавата и евентуалното ширење на болеста коронавирус, дека е потребно и самостојно да преземаат секојдневни мерки за дезинфекција на влезовите, скалите, помошните простории и др. простории кои се користат од станарите, а раствор од хлор можат бесплатно да набаваат од ТППЕ Делчево.

# Ставени во функција 4 пункта за дезинфекција на возилата





На двата влеза во Делчево, на регионалниот пат за Берово кај с. Тработивиште и на граничниот премин Делчево поставени се инсталации за дезинфекција на возилата кои влегуваат во градот. Пред пунктовите е поставена соодветна сообраќајна сигнализација која ќе ги информира возачите за намалување на брзината. Поставувањето на овие пунктови е во насока за дополнителна заштита на возилата кои влегуваат или излегуваат од Делчево и е дел од мерките предложени на седница на Општинскиот кризен штаб.

Градоначалникот на Општина Делчево,Горан Трајковски, истакна дека инвестицијата е на Општина Делчево, а во соработка со ЈКП „Брегалница“.

-Сакам да изразам голема благодарност до нашите сограѓани Благојчо Радевски и Зоран Бошначки, како и до тимот на ЈКП „Брегалница“ кои ни помогнаа да ја реализираме оваа идеја. Воедно, уште еднаш апелирам до граѓаните кои патуваат со моторни возила, задолжително, покрај дезинфекцијата на овие пунктови, да вршат и сами редовна дезинфекција на сопствените возила, но и да ги почитуваат сите останати препораки од Владата и Министерството за здравство, рече Трајковски.

## Обука на просторните сили




Започнаа обуките на дел од припадниците на Просторните сили во Општина Делчево кои треба да ги подобрат капацитетите на силите. Обуките се реализираат согласно со заклучокот од Општинскиот кризен штаб на Делчево и се во насока на подигање на подготвеноста на силите во случај на исцрпување на постоечките расположливи човечки ресурси во ТППЕ Делчево. Силите треба да бидат подготвени да помогнат во справувањето со појавата на елементарни и други непогоди, а со цел заштита на животот, здравјето и материјалните добра на граѓаните на Општина Делчево.

Обуките се состојат од усно и практично оспособување за ракување и употреба со основните средства за гасење пожари во урбана средина и пожари на отворено, односно шумски пожари. Во обуките се вклучени 16 припадници на Просторните сили, а обуката ќе трае еден месец.

Мерки за заштита од Ковид-19

Мерки за заштита од Ковид-19

## Отворена донаторска денарска сметка

Општина Делчево отвори денарска донаторска сметка со цел прибирање донации за хуманитарни цели наменети за социјално ранливи категории и во насока за потребите од превенција и спречување на појавата од ширење на заразата од КОВИД 19 на територијата на Делчево.
Заинтересираните донатори и хумани граѓани донациите можат да ги уплаќаат на следната сметка:
Назив на примач: Општина Делчево
Банка на примач: НБРСМ
Трансакциска сметка: 100000000063095
Сметка на корисник: 7200140320785Н3
Приходна шифра за правни лица: 744111
Приходна шифра за физички лица: 744211
Програма: 00
Цел на дознака: донација
Средствата треба да се уплаќаат на образец ПП 50.
Инаку, на барање на нашите иселеници, Општина Делчево отвори и девизна сметка на која ќе можат да донираат наши сограѓани кои живеат и работат во странство.

## Хуманитарни пакети за социјално ранливи категории

Мобилни екипи на Општина Делчево во соработка со Центарот за социјални работи од Делчево, доставија 30-ина хуманитарни пакети до семејства од Општина Делчево кои живеат во социјален ризик. Хуманитарните пакети се составени од средства за хигиена и прехранбени продукти, а тие се донација од хумани поединци и фирми во Делчево.
Изразуваме благодарност до сите хумани и водејќи се од мотото дека секој заслужува подобро и затоа треба да се дарува од срце, со оваа акција порачуваме дека во Делчево никој не е заборавен. Хуманитарната акција ќе продолжи и наредниот





# Сервис за поддршка на ранливите категории граѓани



Како една од активностите за поддршка во напорите во борба против коронавирусот во нашата земја, од страна на УНДП е креиран сервис за поддршка на најранливите катаегории лица: стари лица, лица со попреченост и други ранливи категории на граѓани. Во Општина Делчево за таа цел се реактивирани договорите на 9 лица – претходно ангажирани преку Програмата Општинско- корисна работа кои давале услуги за стари лица и лица со попреченост. Лицата се ангажирани за период од еден месец почнувајќи од 06.04.2020 год. до 06.05.2020 год.

Задачата на овие лица ќе се состои од достава на намирници, лекови, плаќање сметки и други слични услуги кои крајните корисници не се во можност самите да ги извршуваат.

За ангажираните лица е изработен видеоматеријал за обука од страна на УНДП и до сите ангажирани лица е доставена заштитна опрема (ракавици, маски, средства за лична дезинфекција) која ќе треба да ја користат за време на работните активности.

Со активирањето на мобилните тимови преку Програмата Општинско-корисна работа, ќе се засилат мобилните тимови формирани од Општина Делчево пред три недели.

Граѓаните од наведените категории услугата можат да ја побараат на следните телефонски броеви: 075 367 927 и 075 367 903.

Мерки за заштита од Ковид-19

# Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Снежана Трајкова и Даниела Такева**

**Инфо Делчево на web:**
**delcevo.gov.mk**